***Со заложба за достигнување воедначен културен развој и со цел овозможување постојана и непречена културна размена на дел од општините во Република Македонија,***

*Со заложба за понатамошен развој и подигнување на степенот на културна соработка во иднина,*

*долупотпишаните страни взаемно ја утврдија и усогласија содржината на следниот:*

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**помеѓу:**

**Општина Пробиштип**

**Општина Штип**

**Општина Кочани**

**Општина Делчево**

**Општина Виница**

**Општина Македонска Каменица**

**Општина Свети Николе**

**Општина Крива Паланка**

**Општина Кратово**

**Член 1**

Овој Меморандум за соработка е склучен на ден 12/13. 12. 2011 година, помеѓу:

- Општина Пробиштип, претставувана од градоначалникот г. Тони Тоневски,
- Општина Штип, претставувана од градоначалникот г. Зоран Алексов,
- Општина Кочани, претставувана од градоначалникот г. Ратко Димитровски
- Општина Делчево, претставувана од градоначалникот г. Горан Малешевски,
- Општина Македонска Каменица, претставувана од градоначалникот г. Дарко Митевски
- Општина Виница, претставувана од градоначалникот г. Емил Дончев,
- Општина Свети Николе, претставувана од градоначалникот г. Роберт Ѓоргиев,
- Општина Крива Паланка, претставувана од градоначалникот г. Арсенчо Алексовски и
- Општина Кратово, претставувана од градоначалникот г. Мите Андоновски.

**Член 2**

Овој Меморандум за соработка ги потврдува аспирациите на договорените страни за соработка и имплементација на културни настани помеѓу горенаведените општини.

**Член 3**

Предмет на овој меморандум претставува воспоставување на културна соработка помеѓу Општина Пробиштип, Општина Штип, Општина Кочани, Општина Делчево, Општина Македонска Каминица, Општина Виница, Општина Свети Николе, Општина Крива Паланка и Општина Кратово.

**Член 4**

Со овој Меморандум, во рамките на заложбите истакнати во преамбулата на овој Документ, општините се обврзуваат да го реализираат следното:

- Секој од потписниците е обврзан (најдоцна до 30 декември) да понуди културни содржини кои може да ги размени со останатите потписници – но не помалку од два културни настана на останатите потписнички на овој меморандум.

- Секој од потписниците на крајот на годината има обврска да достави до другите потписници на меморандумот програма што планира да ја реализира во текот на летниот период, од која останатите ќе црпат настани за кои сметаат дека треба да ги имаат во рамки на своите програми.

- Потписниците кои што ќе договорат размена на манифестации во однос на трошоците се обврзуваат да го почитуваат следниот принцип: општината понудувач го обезбедува програмот и превозот за истиот а општината домаќин корисник на културни настани, е должна да ги подмири трошоците за организација на настанот и храна за учесниците .

**Член 5**

За да ја обезбедат поддршката наведена во овој Меморандум, општините треба да предвидат посебна ставка во програмите за култура кои ги носи Советот на општината за меѓуопштинска соработка.

**Член 6**

Општините може да склучуваат договори или други видови спогодби со јавни или приватни организации кои ги смета за прикладни за успешна реализација на договорените активности со овој Меморандум за соработка.

**Член 7**

Секоја активност изведена на основа на овој Меморандум ќе биде имплементирана во согласност на договорените страни.

**Член 8**

Содржината на овој Меморандум може да се менува само со писмена согласност на другите страни-потписнички. Истиот може да биде прекинат од било кој потписник со претходна најава од 30 дена.

**Член 9**

Овој Меморандум за разбирање стапува на сила од денот на потпишувањето.

Меморандумот за соработка е склучен во 18 (осумнаест) еднакви примероци, по 2 (два) за секоја од општините.

*Страни потписнички на Меморандумот за соработка:*

| | | |
|---|---|---|
| **Општина Пробиштип** | **Општина Штип** | **Општина Кочани** |
| **Градоначалник,** | **Градоначалник,** | **Градоначалник,** |
| ________________ | ________________ | ________________ |
| **Тони Тоневски** | **д-р Зоран Алексов** | **Ратко Димитровски** |
| **Општина Делчево** | **Општина М. Каменица** | **Општина Виница** |
| **Градоначалник,** | **Градоначалник,** | **Градоначалник,** |
| ________________ | ________________ | ________________ |
| **Горан Малешевски** | **Дарко Митевски** | **Емил Дончев** |
| **Општина Свети Николе** | **Општина Крива Паланка** | **Општина Кратово** |
| **Градоначалник,** | **Градоначалник,** | **Градоначалник,** |
| ________________ | ________________ | ________________ |
| **Роберт Ѓоргиев** | **Арсенчо Алексовски** | **Мите Андоновски** |